МЗМП

ЕУ за ТЕБЕ

СОС ДЕТСКО СЕЛО

Кон транспонирање на Директивата 2012/29/EU

(„Директива за жртви“) во домашното законодавство

Преглед на потребните реформи во законската и институционалната рамка неопходни за целосно транспонирање на Директивата 2012/29/EU

- ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ -

ПРОЕКТ: ПРАВНА ПОДДРШКА НА РАНЛИВИ ЖРТВИ НА НАСИЛНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА
ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

КОН ТРАНСПОНИРАЊЕ НА ДИРЕКТИВАТА 2012/29/EU

(„ДИРЕКТИВА ЗА ЖРТВИ“) ВО ДОМАШНОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Преглед на потребните реформи во законската и институционалната рамка неопходни за целосно транспонирање на Директивата 2012/29/EU

- ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ -

Издавач: Македонско здружение на млади правници
За издавачот: Александра Цветановска, Претседателка
Автори: Маја Атанасова, Софија Арнаудова, доц. д-р. Катерина Шапкова
Уредник: Елена Георгиевска
Лектор: Елеонора Стојкоска-Попетревска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

342.726-058.6:340.13(497.7)(047)

АТАНАСОВА, Маја
Кон транспонирање на Директивата 2012/29/EU (“Директива за жртви”) во домашното законодавство [Електронски извор] : преглед на потребните реформи во законската и институционалната рамка неопходни за целосно транспонирање на Директивата 2012/29/EU : документ за јавни политики / [автори Маја Атанасова, Софија Арнаудова, Катерина Шапкова]. - Текст во PDF формат, содржи 36 стр., илустр. - Скопје : Македонско здружение на млади правници, 2021

Начин на пристапување (URL): http://www.myla.org.mk/. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 25.08.2021. - Фусноти кон текстот.
- Финансиер: Европска унија, Правна поддршка на ранливи жртви на насилни кривични дела

ISBN 978-608-4843-44-3

1. Арнаудова, Софија [автор] 2. Шапкова, Катерина [автор]
а) Жртви -- Права -- Законско регулирање -- Реформи -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 54751493

Овој документ е активност спроведена од страна на Македонското здружение на млади правници во соработка со СОС Детско село Северна Македонија, со финансиска поддршка од Европската Унија. Ставовите изразени во овој документ не треба на кој било начин да се сметаат за одраз на официјалниот став на Европската Унија. Европската комисија не е одговорна за каква било употреба што може да се направи со информациите содржани во документот.

Содржина

1. Воведни забелешки 5

2. Контекст и важност на проблемот 7

2.1 Правото на ЕУ и жртвите од кривичните дела 7

2.2 Правата на жртвите во домашното право 7

3. Препораки 8

3.1 Препораки во однос на законската рамка 8

3.2 Препораки за институционалната рамка 13

3.3 Препораки за планирање на буџетските импликации 20

Воведни забелешки

Овој документ содржи препораки за подобрување на законската и институционалната рамка која се однесува на жртвите на кривични дела. Документот има цел да придонесе за унапредувањето на заштитата на жртвите, нивната процесна положба во кривичната постапка како и да се користи како патоказ на главните актери кои следат пред и по дополнувањата или измените на законската и институционална рамка. Препораките содржани во овој документ се насочени и кон олеснување на пристапот до широк спектар на услуги за жртви, кои се неопходни за справување со последиците од кривичното дело, како и кон спречување секундарна дискриминација.

Документот се заснова на наодите и заклучоците од спроведената сеопфатна анализа на усогласеноста[1] на домашното законодавство и практиката со нормите и стандардите на ЕУ утврдени во Директивата (2012/29/EU на ЕУ) за права, поддршка и заштита на жртвите на кривични дела. Оваа анализа ги идентификува недостатоците меѓу она што е воспоставено како стандард на ЕУ во однос на правата на жртвите и она што го предвидуваат домашното законодавство и практиката.

Документот е наменет за креаторите на политиките, пред се, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи. Тој ги дава насоките и ги идентификува приоритетите што овие министерства треба да ги земат предвид при креирањето политики релевантни за заштита на жртвите од кривични дела. Документот може да послужи како рамка (road map) при планирањето мерки и активности насочени кон унапредување на правата на жрвите на кривичните дела.
Препораките што се дадени се поделени во три дела. Првиот дел содржи препораки за унапредување на законската рамка што се однесува на заштитата на жртвите од кривични дела, пред с , Законот за кривичната постапка, Законот за правда за деца и, во помал дел, Законот за медијација. Вториот дел се однесува на институционалната рамка неопходна за обезбедување постојани и неопходни сервиси на жртвите од кривични дела. Додека во третиот дел се содржани препораки и насоки за пристапот при утврдувањето на фискалните импликации од предложените мерки. Сите дадени препораки се формулирани така што ќе бидат во линија на најдобрите европски практики кои се справуваат со жртви на насилни ривични дела, а во исто време да одговараат на македонскиот контекст, навики и околности. Освен податоците изведени од спроведената Анализа, користени се и извештаи од релевантни меѓународни и национални организации и институции.

Документот е изработен во рамките на проектот „Правна поддршка на ранливи жртви на насилни кривични дела", кој се спроведува од страна на Македонското здружение на млади правници (МЗМП) во соработка со СОС Детско село Северна Македонија (во понатамошниот текст СОС Детско село). Проектот е финансиран

1 Гавриловски З. (2020) Анализа на усогласеноста на законодавството и практиката за правата на жртвите во Р. С. Македонија со нормите и стандардите на ЕУ утврдени во Директивата за права, поддршка и заштита на жртви на кривични дела. Македонско здружение на млади правници.

од Европската Унија преку Министерството за финансии на РСМ - Сектор за централно финансирање и склучување договори во рамките на програмата (CFCD) – Strengthening the impact of the civil society in effective justice sector reforms – IPA II 2014, EuropeAid/159467/ID/ACT/MK.

Главната цел на овој проект е да го подобри пристапот до правда за жртвите на насилни кривични дела преку воспоставување национален сервис за правна и психо-социјална поддршка. Оттука произлегува и основната активност составена од директна и континуирана правна и психо-социјална поддршка на ранливи жртви на насилни кривични дела, каде што како специфични целни групи за сервисот се: деца, лица со попреченост, постари лица и жени.

Контекст и важност на проблемот

2.1 Правото на ЕУ и жртвите од кривичните дела

Европската Унија (ЕУ) во последните неколку децении им придава се поголемо внимание на статусот и правата на жртвите на кривични дела[2] преку воспоставување високи стандарди на заштита кои државите членки се обврзани да ги обезбедат[3]. Притоа во фокусот особено е заштитата на ранливите категории жртви[4].

Воспоставувањето стандарди се врши преку секундарно законодавство. Централна улога во системот на ЕУ има Директивата 2012/29/EU на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година, со која се воспоставуваат минимални стандарди за права, поддршка и заштита на жртвите на кривични дела и се заменува Рамковната одлука на Советот 2001/220/ЈНА (понатаму означена како „Директива за жртви" или ДЖ) и други директиви и акти на ЕУ.

Додека директивата за жртвите воспоставува општи правила што се применливи за сите жртви на кривични дела, ЕУ со други директиви предвидува посебна заштита за одредени категории жртви или дополнителни права. Покрај Директивата за жртвите, секундарното законодавство на ЕУ ги содржи и Директивата за надомест на жртви од кривични дела (2004/80/EC), Директивата за спречување сексуална злоупотреба и сексуално искористување на деца и детска порнографија (2011/92/EU); Директивата за превенција и спречување трговија со луѓе и заштита на жртвите (2011/36/EU)и Директивата за справување со тероризам (2017/541).

2.2 Правата на жртвите во домашното право

Законот за кривичната постапка во членот 53 предвидува сет на општи права на сите жртви од кривични дела. Сепак, ЗКП предвидува и листа со посебни права што им припаѓаат на т.н. ранливи категории жртви (деца, загрозени жртви, особено чувствителни жртви), како и посебни права на жртвите на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право.

Правата на децата жртви се предмет на уредување на Законот за правда за деца, во кој се предвидени посебни права на децата жртви и сведоци во кривичните постапки. Дополнително, овој закон предвидува и посебни мерки за процесна заштита.

Правата на жртвите на семејно насилство се во одреден дел уредени и со Законот за спречување и заштита од семејно насилство.

2 Victims of crime in the EU: the extent and nature of support for victims

3 Justice for victims of violent crime

4 Violence against women: an EU-wide survey; Child-friendly justice; Violence against children with disabilities

Препораки

3.1 Препораки во однос на законската рамка

Врз основа на одредбите од Директивата и изготвената Анализа, се утврдува дека усогласувањето на македонското законодавство со регулативата на ЕУ од аспект на заштита на жртвите од насилство бара да се направат соодветни измени во Законот за кривичната постапка, Законот за правда на децата и Законот за медијација. Дополнително на ова, потребно е воведување и имплементација на посебни регулативи за заштита на жртвите од родово базирано насилство и дискриминација, имајќи предвид дека како посебно ранливи категории на жртви се третираат деца жртви, жртви на семејно насилство, жртви на родово засновано насилство, жртви на сексуално насилство, жртви на трговија со луѓе, жртви на насилство од омраза, жртви на тортура и други насилни кривични дела сторени од службени лица, жртви на прогонување или тортура во друга земја, жртви на тероризам или насилен екстремизам и жртви на дискриминација – заштита на маргинализирани групи, особено ЛГБТИ-лица, заштита од дискриминација по основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

Духот и интенцијата на одредбите со кои се регулираат овие прашања треба да се базираат, пред сѐ, на следните елементи:

- Сензитивен пристап и пристап базиран на правата на жртвата - пристап кој како појдовна точка ја има индивидуалната процена на секоја жртва, односно возраст, психофизичка состојба, времетраењето и видот на повредата претрпена со кривичното дело, посебни потреби, поддршката што ја има од семејството и поддршката што е неопходна од стручните служби за надминување или барем ублажување на последиците од кривичното дело.

- Утврдување целисходна и сеопфатна заштита на жртвата, како право што ѝ припаѓа на жртвата по нејзиниот статус, без оглед на тоа дали изречно побарала.

- Пристапот базиран на правата на жртвата исто така вклучува и преземање мерки во текот на постапката за заштита на личноста на жртвата, како што се:

  - Назначување службеник за поддршка на жртви на кривични дела, кој ќе обезбедува заштита дека жртвата нема да се соочи со сторителот, преку организирање различен временски период за пристигнување во судот, чекање во засебни простории или обезбедување различен влез и излез за жртвата и сторителот со цел да се оневозможи нивен контакт.
  - Обезбедување жртвата да го даде својот исказ во безбедна средина, без присуство на сторителот на кривичното дело.
  - Соодветни периодични обуки за судии, судски службеници, адвокати, полициски службеници

и вешти лица за постапување со жртва во текот на кривичната постапка.

- Во случај кога како жртва се јавува дете, во сите мерки и активности мора да се пејде од она што е во најдобар интерес на детето – преку креирање индивидуална процена за најдобриот интерес на детето жртва во конкретниот случај.

За да се постигне посакуваниот ефект, потребно е да се извршат одредени измени и дополнувања во одредени одредби на постојните закони.

I ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

I1. Права на жртва

Член 53 на Законот за кривичната постапка треба да претрпи измени во вид на дополнување, бришење и измена на одредбите. Целта на оваа измена на одредбата е усогласување со Директивата, но и креирање концизна и недвосмислена одредба.

Одредбата од став 1 точка 2, каде што се наведува дека „жртвата има право на посебна грижа и внимание од страна на органите и субјектите што учествуваат во кривичната постапка" да се избрише како преширока и апстрактна, а на нејзино место да се додадат дополнителни одредби кои поблиску ќе ја доближат интенцијата на посебната грижа и внимание за жртвата. На овој начин ќе се овозможат прецизни одредби за правото на сослушување, сведување на телесните прегледи на минимум, правото да биде информирана за текот на постапката и евентуално ослободување на осомничениот, правото информациите што ги добива да се разбирливи и прилагодени на способноста за разбирање и евентуалните посебни потреби за комуникација, правото на пристап до психолошка и друга стручна помош и бесплатна правна помош, користење мајчин јазик и добивање информации на мајчиниот јазик на жртвата итн.

Оттука, наместо оваа одредба, по став 1 точка 1, да се додадат нови точки со кои ќе се дефинира дека жртвата има право:

1) Да биде сослушана без одлагање и со сведување на телесните прегледи на минимум;
2) Да добие информации по службена должност за текот на постапката без оглед на тоа дали се приклучила кон кривичниот прогон и/или поднела барање за остварување на имотно-правно барање за штета;
3) Да биде информирана од страна на надлежниот орган за ослободување на лицето што е осомничено, обвинето или осудено за кривичното дело што ја засега жртвата, доколку осуденото лице побегнало од установата во која било лишено од слобода;
4) Да добие информација која е прилагодена на нејзината способност за разбирање и евентуалните посебни потреби за комуникација на жртвата, имајќи ги предвид возраста, психичката состојба, постоење на евентуална интелектуална попреченост или физички недостаток, и непознавањето на јазикот на постапката;
5) На делотворна психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на жртви на кривични дела, во сите фази на постапката, вклучително и доколку жртвата одлучи да не се приклучи кон кривичниот прогон. Помошта што се обезбедува мора да биде соодветна на психофизичката состојба на жртвата, да биде креирана согласно сензитивен пристап кон

жртвата во однос на специфичните потреби што би можеле да произлезат од видот на кривично дело на кој била изложена, возраста, родот, средината од која доаѓа,
6) Да добие информации и советување во врска со постапката на мајчин јазик, односно на јазикот што го разбира. Жртвата има право сите списи што се однесуваат на неа во постапката да ги добие преведени на мајчин јазик или друг јазик за кој се изјаснила дека го разбира. Доколку на жртвата ова право ѝ е ограничено на кој било начин и во кој било дел од постапката, жртвата има право на посебна жалба;
7) Да прими писмена потврда за поднесена кривична пријава, во која ќе бидат наведени датумот на поднесување на пријавата, лицето против кое се поднесува, основата од Кривичниот законик, деловоден број, потпис на овластено лице и печат од установата, веднаш по поднесувањето на кривичната пријава или најмногу до 7 дена по приемот на пријавата поднесена преку телефон или пошта;
8) Навремено и соодветно да биде информирана за да може да ги оствари своите права на учество во постапката, со гаранција на процесните права и мерки за заштита;
9) Да биде информирана за условите под кои е возможно обезбедување бесплатна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош, на начин што е разбирлив и прифатлив за жртвата;
10) Да биде заштитена од контакт со сторителот во текот на кривичната постапка, преку сместување во посебни простории и доаѓање во различни временски периоди, со помош на назначен службеник за поддршка на жртви;
11) На индивидидуална процена на посебните потреби за заштита, врз основа на Правилник за формата, начинот и постапувањето на надлежниот орган за индивидуална процена.

I2. Посебни права на ранливите категории жртви

Измената што се предлага за член 54 од Законот за кривичната постапка се однесува на конкретизирање на одредбата од ст. 1 точка 3, со цел да им се овозможи на лицата што го имплементираат законот полесно да препознаат ранлива категорија на жртва. Од оваа причина се предлага одредбата од ст. 1 точка 3 на чл. 54 да се дополни со набројување различни ранливи категории на лица: деца жртви, жртви на семејно насилство, жртви на родово засновано насилство, жртви на сексуално насилство, жртви на трговија со луѓе, жртви на насилство од омраза, жртви на тортура и други насилни кривични дела сторени од службени лица, жртви на прогонување или тортура во друга земја, жртви на тероризам или насилен екстремизам и жртви на дискриминација – заштита на маргинализирани групи, особено ЛГБТИ-лица, заштита од дискриминација по основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

I3. Посебни права на жртвите на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право

Со цел да им се обезбедат соодветни права на жртвите на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право, се предлага членот 55 да се дополни со одредба со која на жртвата ќе ѝ се гарантира правото да користи услуги за психосоцијална поддршка, а по потреба и процена од овластени лица и услуги за сместување во соодветни центри за заштита и сместување.

I4. Посебни права за жртвата што не е известена за своето право во постапката да учествува како оштетена

Со цел активно гарантирање на правото на жртвата да биде вклучена во постапката што се однесува на дело во кое таа била оштетена како жртва, се предлага дополнување на член 56 со можност жртвата што не е известена за своето право во постапката да учествува како оштетена, а за постапката дознала по завршувањето на главната расправа, а постојат докази што може да влијаат на исходот на постапката, има право да бара повторување на постапката. Доколку жртвата нема докази што можат да влијаат на исходот на постапката, има право на надомест на штета пред граѓански суд. Роковите за постапување на жртвата започнуваат од моментот на нејзиното информирање за постење на постапката.

II ЗАКОН ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА

II1 Права на дете жртва

Со цел постапувањето со детето жртва да се усогласи со Директивата, се предлага да се дополни членот 145 од Законот за правда на децата со потенцирање на најдобриот интерес на детето, односно, при дополнувањето да се внесат и следниве елементи: 1) со дете жртва мора секогаш да се постапува согласно тоа што е во најдобар интерес на детето, утврден врз основа на индивидуална процена на состојбата и потребите на детето и видот и интензитетот на повредите што ги трпело, 2) детето во постапката да биде сослушано без одлагање и 3) телесните прегледи да се сведат на минимум. Индивидуалната процена на состојбата и потребите на детето како најдобар интерес на детето треба да бидат појдовна точка и при обезбедувањето психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органите, установите и организациите за помош на деца жртви на кривични дела. Полицијата, јавниот обвинител и судот да бидат обврзани да се однесуваат и да зборуваат со детето на начин што е разбирлив и прифатлив за детето, во пријателска средина. Со цел стручно исполнување на овие услови, сите лица што стапуваат во контакт со дете жртва или сведок, мора да имаат поминато соодветна обука за постапување со посебно ранливи категории на лица и да го почитуваат индивидуално утврдениот најдобар интерес на детето.

II2 Посебни права на процесна заштита

Согласно Директивата на ЕУ, сите деца спаѓаат во категорија на ранливи лица, поради што Законот треба да обезбеди еднаква и соодветна заштита за сите деца жртви на кривични дела, без оглед на видот на кривичното дело што го претрпеле. Од оваа причина, предлагаме членот 146 од Законот за заштита на децата да се однесува на сите деца жртви, а не само на деца жртви на одредени кривични дела, со што би се задолжил судот да определи посебна мерка на посебна заштита за сите деца што се јавиле како жртви во кривични дела. Во насока на обезбедување соодветна заштита за децата, предлагаме дополнување на одредбите од став 4 и 5 на членот 146, со цел да се уреди дека однесувањето и комуникацијата на судот, јавното обвинителство и полицијата кон детето жртва ќе биде на јазик што е разбирлив за детето, на начин што за детето е јасен и разбирлив, и го отсликува индивидуално утврдениот најдобар интерес на детето. Судот, јавното обвинителство и полицијата се должни на јасен, едноставен и за него разбирлив начин да ги

објаснат последиците од преземањето, односно непреземањето дејства за остварување на неговите права, како и за значењето на службената белешка, односно записник, и да му дадат примерок.
Член 146 ст. 5 од Законот за заштита на децата предвидува децата сведоци да го имаат истиот третман како децата жртви – елемент за кој предлагаме да се задржи и во новиот текст на законската одредба.

II3 Стручно оспособување

Заради обезбедување на почитувањето и заштитата на правата на децата жртви и сведоци во кривичната постапка, се предлага дополнување на член 148 од Законот за заштита на децата, така што за преземање дејства во постапката, вработените во судовите, јавните обвинители и службените лица во Министерството за внатрешни работи, ќе можат да постапуваат, само доколку поседуваат соодветно образование, редовно посетуваат и успешно ги посетуваат повремените обуки и имаат посебно познавање и искуство од областа на правата за детето и за кривично-правната заштита на децата.

III ЗАКОН ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Иако Законот за кривичната постапка и Законот за правда на децата предвидуват можност за медијација, Законот за медијација не содржи одредба за медијација во кривични постапки. Од овие причини се предлага додавање сосема нов член, во кој ќе се уреди начинот на водење на постапката за медијација, кој ќе ги содржи особено следниве елементи: 1) Обврска на медијаторот постапката да ја води на начин што ќе ги заштити правата на жртвата, а особено ќе ја заштити од секундарна виктимизација и ревиктимизација, заплашување и одмазда; 2) Обврска да ѝ се обезбедат на жртвата, на начин јасен и разбирлив за неа, најмалку следниве информации: информација за видот и типот на постапката; информација дека станува збор за тајна постапка, во која јавноста нема да биде вклучена; можните исходи од постапката; надзорот над извршување на договорот од медијацијата и правото на жртвата во секое време да ја повлече согласноста за водење медијација; 3) Обврска постапката да се води само по добиена изрична согласност од страна на жртвата, откако жртвата ги добила и разбрала информациите од точка 2; 4) Медијацијата да може да се спроведе само откако сторителот на соодветен начин во постапката ги признал фактите на случајот, односно го признал сторувањето на кривичното дело; 5) Расправите во постапките за поправање на штетата што не се јавни, се доверливи и не се објавуваат дополнително, освен доколку за тоа не постои согласност од страните или доколку не е изречно наредено со овој или други закони заради заштита на јавниот интерес. Медијаторот е должен веднаш да ја извести жртвата за постоењето јавен интерес за постапката со цел да донесе информирана одлука за учествување во постапката за медијација; 6) Договорот што се постигнува во медијацијата е доброволен договор постигнат помеѓу страните и може да биде користен како доказ во евентуалните понатамошни кривични постапки.

3.2 Препораки за институционалната рамка

Сите институции/организации, како што се социјалните служби, здравствени институции, правосудниот сектор и полицијата, како и невладините организации треба да користат интерни системи за собирање податоци, но треба да постои и систем што ќе овозможи унифицирано собирање и обработка на податоците, со што ќе се придонесе кон следење на состојбите со феноменот на насилството врз жените и семејното насилство, следење на ефикасноста на системот за заштита на жртвите и гонење на сторителите, како и креирање соодветни политики во овој домен.

При реализација на активностите појдовме од Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, во која насилството над жените се дефинира како:

а) „кршење на човековите права и форма на дискриминација врз жените и ги означува сите акти на родово засновано насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот"
б) „домашно насилство" ги означува сите акти на физичко, сексуално, психичко, односно економско насилство што се случуваат во рамките на семејството или домаќинството, односно помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

Член 11 од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашното насилство (Истанбулската конвенција) бара систематското и соодветното собирање податоци да се смета за суштински дел од креирањето ефикасни политики во областа на спречување и борба против сите форми на насилство опфатени со оваа Конвенција. Релевантните статистички податоци може да вклучуваат административни податоци обезбедени од статистика од здравствените и социјалните служби, органите за спроведување на законот и НВО, како и судски податоци евидентирани од судските власти и од јавните обвинители.

Заради спроведување на оваа Конвенција, страните се обврзуваат:

а. Во редовни интервали да собираат расчленети статистички податоци за случаите на сите форми на насилство врз жените што се опфатени со Конвенцијата.
б. Активностите предвидени се преглед на постојниот систем за собирање податоци и развој на систем за собирање податоци

Во рамките на првата активност потребно е да се направи идентификација и преглед на сите постојни обрасци за собирање податоци, како и преглед на податоци што ги собираат и употребуваат општите служби за поддршка: МВР, ЦРС, Завод за социјални дејности, кога тие доаѓаат во контакт со потенцијалните жртви или жртвите на насилство. Тоа вклучува обрасци за евиденција на преживеаното и обрасци за проценка на безбедносен ризик.

Дополнително, важно е да се направи класификација на типовите на податоци и нивно обединување, како и воведување дополнителни референтни информации за подобрување на процесот на собирање податоци и создавање цврст и посигурен систем за евидентирање податоци.

Целта на овие активности е да се направи проценка на празнините (недостатоците) и проценка на областите за интервенција.

Во делот што се однесува на развој на систем за собирање податоци потебно е да се спроведе:

- Создавање спецификација на барања - врз основа на унифициран документ со класифицирани типови на податоци;
- Дизајнирање на архитектурата на системот и дизајн на бази на податоци.

Новиот развиен систем ги следи главните принципи за систем што ќе биде унифициран и кој ќе има интегриран пристап каде што ќе го следи највисокото ниво на безбедност и сигурност, упатување и проценка на ризикот од безбедноста.

Системот ќе обезбеди функционалност за внесување на податоците собрани во двете форми: административни и анкетирани форми.

Според Чл. 28 од ДППЗЖ (Обезбедување податоци и статистика), законски обврски за евидентирање насилства и кривични дела има во прописи што се однесуваат на семејно насилство, здравствена заштита, трговија со луѓе итн. Податоци за жртвите нема во евиденциите на некои органи, а некои податоци не се расчленети според лични и групни својства на жртвите.

Собирањето административни податоци од страна на сите институции/организации што обезбедуваат услуги за жртви на насилство врз жени и семејно насилство и кои доаѓаат во контакт со жртвите е од исклучително значење за креирање политики и мерки со цел спречување на семејното насилство, но и начините на постапување со жртвите на насилство.

Собирањето податоци треба да биде во посебен софтвер, при што сите релеванти стејкохолдреи би ја дополнувале дата-базата.

Дополнително, добро е да се направи pool of experts, каде што согласно системот на упатување, добро е да се знае кој е референтен за секој дел во процесот на постапување.

Исто така, во овој дел е добро да се препорача и креирање на white paper со сите релевантни институции/организации.

Семејно насилство е комплексна тема, која бара посебни постапки и различен начин на уредување поради што сметаме дека мора да биде уреден во посебен дел. Исто така, семејното насилство не секогаш е родово базирано насилство.

Особено треба да се земе предвид дека родово базираното насилство е форма на дискриминација што сериозно влијае на способноста на жените да ги уживаат правата и слободите на еднаква основа со мажите. Според член 4 од ДППЗЖ (Право на жртвата да добие информации при првиот контакт со надлежен орган), не е адекватно уредено информирањето за можностите за заштита на интересите на жртвата во друга држава или информирањето за можностите за оспорување на незаконито постапување на надлежните органи. Согласно меѓународните стандарди, меѓуинституционалното пријавување на насилството се заснова на согласност на жртвата, освен во случаи кога се проценува дека постојат животно загрозувачки околности, во тие случаи се крши правото на избор и принципот на анонимност. Согласно меѓународните стандарди, образовните институции треба задолжително да пријават кога се сомневаат дека има насилство врз дете до надлежните институции. Дополнително здравствените институции задолжително пријавуваат доколку има сомнеж за насилство врз дете или загрозување на животот и безбедноста на полнолетно

лице. Во случаи кога не постојат животно загрозувачки околности, секторот здравство го почитува ставот на жртвата.

Дополнително, потребно е јасно да се транспонира член 31 од Истанбулската конвенцијата, како и Чл. 22 од ДППЗЖ (Индивидуална проценка на жртвите за да се идентификуваат посебни потреби за заштита) и јасно да се дефинира дека центрите за социјална работа при доделување старателство или определување видување треба да земат предвид доколку има насилство во семејството. Зашто, за жал, „најдобар интерес на детето" често пати различно се толкува, се толкува како право на детето да одржува контакти со двата родитела дури и кога таткото врши континуирано насилство врз жената во присуство на детето.

Исто така, треба да се добијат информации за различни модели на најдобри практики во заштитата на децата жртви и координирани интервенци помеѓу НВО и институциите.

Обично актите на семејно насилство се воочуваат надвор од правосудниот систем и тука би ги наброиле центрите за здравствена заштита, центрите за социјални услуги, центрите што им даваат помош на жртвите на семејно насилство, образовните институции, како и работните места. Всушност, пријателите, соработниците и давателите на услуги честопати се свесни за предупредувачките знаци многу порано пред да дојде до сериозна физичка повреда или насилство со смртни последици. Знаењето за проценка и управување со ризикот од семејно насилство е критично со цел благовремено да се препознаат предупредувачките знаци, како и да се знае кон кои фактори на ризик треба да се обрне внимание. Воедно во такви услови потребно е да се дефинира стратегија како да се управува со ризикот, како и да се знае со кои други институции или други даватели на услуги треба да се соработува.

До центрите за здравствена заштита, центрите за социјални услуги, центрите што им даваат помош на жртвите на семејно насилство, образовните институции или до работните места, информацијата или загриженоста од потенцијална можност за семејното насилство кон жртвата може да дојде директно или индиректно. Жртвата може да ви даде критични информации за ризикот од семејно насилство и оваа информација ќе ви помогне во наоѓање начин како да го управувате овој ризик. Оценката на ризикот од семејно насилство го вклучува процесот на собирање информации за сторителите на семејно насилство со цел да донесете правилни одлука во врска со степенот на веројатност од реализирање на ризикот на семејно насилство. Иако фокусот на процената на ризикот од семејно насилство, главно, е насочен кон сторителот, планирањето на безбедноста на жртвите е многу важен дел во овој процес.

Примарната цел на процената на ризикот од семејно насилство е спречување идно семејно насилство. За да се спречи идното семејно насилство, од клучно значење е давателите на услуги да определат кои се можните ризици од семејното насилство што можат да се очекуваат од сторителот и какви чекори треба да се преземат за да се ублажи ризикот од семејно насилство. Процената на ризикот од семејно насилство и управувањето со ризикот од семејно насилство одат рака под рака. Би било бесцелно да се прави проценка на ризикот доколку не планирате да спроведете активности со кои ќе ги управувате ризиците на кои е изложена жртвата, а, од друга страна, невозможно е да ги менаџирате ризиците доколку претходно не сте направиле проценка на ризиците. Затоа процената на ризикот не вклучува предвидување дали сторителот ќе го повтори кривичното дело, туку ги разгледува ризиците на кои жртвата е изложена од страна на сторителот, неговата моментна состојба и сите фактори што би можеле да ја зголемат веројатноста дека тој ќе изврши насилен чин.

Давателите на услуги што работат во центрите за здравствена заштита, центрите за социјалните услуги, образованието, центрите што им даваат помош на жртвите на семејно насилство и работните места не се

обврзани да спроведат сеопфатно проценување и управување со ризикот од семејно насилство и тоа не треба да го сторат без соодветна обука и искуство. Меѓутоа, според законската регулатива, обичајното право и професионалните етички кодекси, многу даватели на услуги се одговорни за скрининг и за реагирање кон очигледните знаци на ризик од семејно насилство.

За тие што се одговорни за спроведување сеопфатни проценки на ризикот од семејно насилство, овој процес се фокусира на разбирање како или зошто сторителот одлучува да изврши семејно насилство (на пример, да ја зголеми контролата, да ја зголеми моќта, да ја брани честа) и дали различни фактори, ставовите кон жените, проблемите поврзани со односот, проблемите со вработувањето, проблемите со употребата на супстанции, проблеми со менталното здравје) влијаеле врз неговите претходни избори за насилство кон интимниот партнер или може да влијаат врз неговите идни одлуки. Давателите на услуги што работат во центрите за здравствена заштита, центрите за социјални услуги, образованието, центрите што им даваат помош на жртвите на семејно насилство и работните места играат важна улога во информирањето и соработката во овој процес.

Потребата за проценка на ризикот од семејно насилство е јасна. Прашањата што остануваат се:

1. Кој е најдобриот начин да се идентификува постоење ризик од семејно насилство?
2. Кој е најдобриот начин за проценка и управување со ризикот од семејно насилство?
3. Како треба да се соработува со повеќе системи (институции) кога се работи на случаи на семејно насилство?

Потребно е професионалците од сите релевантни сервиси да бидат обучени да го препознаат ризикот од повторено насилство врз жената во семејството и да ги познаваат начините на реагирање во ситуации во кои е загрозено здравјето. Според член 25 од ДППЗЖ (Обука на практичари), обврска за континуирано едуцирање и обучување е предвидено за практичари што постапуваат со жртви на семејно и родово засновано насилство, жртви на трговија со луѓе и деца жртви на кривични дела. Особено треба да се стави акцент на обуки за case management, но и да се вклучат практичари што се системски семејно советници, а имаат вештини за справување со стрес и лутина.

Обуките треба да бидат развиени за да ги задоволат потребите за развој на вештини за професионалци и даватели на услуги во здравството, центрите за социјални услуги и образовниот сектор и работни места.

Темите треба да вклучуваат:

- Важноста на колаборативните односи;
- Граници и протоколи за решавање на прашањата за доверливост (на пример, упатства за сектор на социјални услуги);
- Алатки за проценка на ризикот;
- Проценка на ризикот и обезбедување поддршка за жените од маргинализираните заедници;
- Ефикасни методи за следење и интервенирање во случаи со висок ризик;
- Комуникација со работници од предната линија во други сектори (на пример, насоки за работа со секторот на правдата).

Идентификување ситуации со висок ризик и утврдување на степенот на опасност за безбедноста на жртвата

Според Чл. 18 (Право на заштита), заштита на жртвите е предвидена со привремени мерки за заштита на жртви на семејно насилство, мерки за заштита на сведоци, посебни мерки за процесна заштита на ранливи жртви или жртви на неколку тешки кривични дела, односно посебни мерки за заштита на психофизичкиот интегритет на децата итн. Тука особено е важно да се напомене дека е важно да се направи проценката на ризик која се однесува на процесот на идентификување и проценување на нивото на ризик во одредена ситуација (низок, среден, висок), користејќи родово сензитивен и систематски пристап за испитување низа фактори на ризик, при што може да им помогне користењето алатка за процена на ризик.

Што треба да се преземе?

- Примена на пристап заснован на човекови права со цел да постои информираност за регулирањето на сите облици на насилство врз жртвите со цел да можат да ги препознаат формите на насилство;

- Итноста на постапката се усогласува со проценката на нивото на ризик-опасноста на ситуацијата и загриженоста на жртвата. Тоа подразбира неопходност за примена на мерката „сега и веднаш", која може да ја гарантира безбедноста на жртвата, особено во ситуациите на висок ризик. Во таков случај најпрвин неопходно е да се известат сите релевантни служби (полиција, ЦСР...) како би се овозможило сите заеднички да го проценат безбедносниот ризик со цел управување со ризикот и, доколку е неопходно, преземање итни постапки за заштита на жртвата;

- Институциите во рамките на своите надлежности и овластувања се одговорни да го спречат насилството, да преземат соодветни мерки и меѓусебно да се координираат со цел избегнување ревиктимизација на жртвата, особено ако се зајакне тријадата институција/ невладин сектор (правна, психо-социјална помош)/бизнис-сектор.

Управувањето со ризици е процес на преземање активности за спречување насилството, често во соработка со други даватели на услуги како и со потенцијалната жртва. Децата на жртвата исто така можат да бидат изложени на ризик и треба да бидат вклучени во стратегиите за проценка и управување.

Стратегиите за управување со ризици треба да се фокусираат на она што треба да се направи во центрите за здравствената заштита, центрите за социјалните услуги, образованието, центрите што им даваат помош на жртвите на семејно насилство, работното место и правните поставувања за управување со потенцијалните ризици за насилство што ги поставува една личност.

Тактиките што можат да се преземат за да се управува со ризикот од насилство, вклучуваат упатување на програмите за одговор на напад на партнери, детокс, интервенција за користење болни средства, интервенции за амбулантски супстанции, програми за помош на вработените или анонимни алкохоличари, земајќи ги предвид практичните прашања што можат да влијаат на достапноста, прифатливоста и соодветноста на услугите (на пример, цена, локација, транспорт, време на чекање). Откако е направено упатување, важно е да се следи за да се осигури дека лицето може да ѝ пристапи на таа услуга или дека е преземено соодветно алтернативно дејство.

Безбедносни информации

Планирањето на безбедноста треба да биде стандарден одговор во секоја НВО-давател на услуги во која жртвата може да се обрати за помош. Во ситуации на непосредна опасност треба да се преземат мерки за заштита и привремени мерки за заштита од страна на сите одговорни чинители (ЦСР, здравствени институции, полиција и правосуден сектор, невладини организации). Во случаи на проценет висок ризик, а во состојби кога не постои можност за навремено обезбедување соодветни мерки за заштита, мора да им се помогне на жртвата и нејзините деца да најдат сместување и да постојат интервентни тимови кои веднаш ќе излезат на терен.

Според Член 9 од ДППЗЖ (Поддршка од служби за поддршка на жртви), во РСМ се предвидени права на жртвите на одредени видови кривични дела сторени со физичко насилство и/или злоупотреби (како што е трговијата со луѓе) да имаат пристап до доверливи и бесплатни служби за поддршка заради заштита на сопствените права и интереси, вклучувајќи државни органи (како што е ЦСР) или други служби од општа или специјална надлежност и компетентност (како што се засолништа, советувалишта, оддели на здравствени институции специјализирани за давање одреден вид стручна помош и поддршка), односно НВО што обезбедуваат поддршка (во согласност со чл. 8 од ДППЗЖ), како и да добијат услуги од тие ентитети, меѓу кои спаѓаат психо-социјална поддршка, психијатриски третман, совети, помош и други услуги за остварување на правата и интересите на жртвите.

Сепак, доколку во регион од каде што е жртвата нема засолниште за жени или ако засолништето нема слободен простор, треба да ѝ се помогне на жртвата да пронајде друго безбедно сместување, но проценувајќи го ризикот за понатамошна безбедност (семејство, пријатели).

Планирање и спроведување на мерките на безбедност и заштита

Планирањето на безбедноста е основен метод за поддршка на жртвите и треба да се спроведува редовно за сите жртви со кои професионалците стапуваат во контакт.

Меѓусебна поддршка и координирана соработка мегу сервисите и институциите

Како дел од стандардите за квалитет, секој сервис и институција треба да има стандардизирана практика, која вклучува:

- јасна идентификација на одговорностите и дефинирани ефективни процеси кои се фокусираат на потребите на жртвите;
- спречување понатамошно насилство;
- интервенциите и процесите за соработка треба постојано да се следат и оценуваат во однос на нивната ефективност.

Координирано преземање мерки за заштита од ризик – надлежност на секој сервис

Координираните активности подразбираат: размена на информации согласно предвидените рокови во ситуации на итни – неодложни интервенции. Размената на информации меѓу професионалците од

сервисите и со институциите (полиција, ЦСР, здравствена установа), подразбира строго придржување кон правилото на доверливост на податоците за жртвата.

Надлежните сервиси и институции потребно е да се достапни 24 часа и важно е секој сервис да има и телефонски броеви достапни 24 часа (освен сервисот за обезбедување психо-социјална поддршка).

За ефикасно планирање на безбедноста и управување со ризик, соработката на клучните сервиси е неопходна.

Редовните состаноци на мултисекторските тимови можат да послужат како добра основа за проценка на ризикот и планирање на безбедноста, особено во случаи со висок ризик. Најдобрите практики покажуваат дека ако постои една специјализирана организација која обезбедува поддршка за жртви на семејно насилство и застапник доделен на жртвата, кому таа му верува, се зголемува желбата на жртвата да соработува блиску со тимот составен од професионалци од повеќе сервиси и институции, а ризикот од секундарна виктимизација се намалува. Важно е да се има предвид дека планирањето на безбедноста треба да ја поддржи жртвата и да го подобри квалитетот на нејзиниот живот. Тоа е резиме на опции достапни за неа и акции што ќе ги преземат сервисите за нејзина поддршка.

1. Разбирање на концептот на ризик

Според член 22 од ДППЗЖ (Индивидуална проценка на жртвите за да се идентификуваат посебните потреби за заштита), одредбите за индивидуална проценка заради утврдување посебни потреби за заштита, генерално, се во склад со одредбите на ДППЗЖ, но нивната примена е контроверзна поради расчекорот меѓу законски декларираните цели и тврдењата на службените лица од надлежните институции за придржување кон законските обврски, наспроти незадоволството искажано од еден дел од корисниците на услуги на тие институции и веројатноста дека такви проценки не биле правени секогаш. Целта на разбирање на концептот на ризик е подигање на свеста за различните пристапи кон ризикот од страна на сите членови на мултисекторските тимови (полиција, суд, здравство, социјални служби, невладини организации даватели на специјализирани услуги за жртви на насилство).

2. Предности на проценка на ризикот

Проценката на ризик служи како алатка за реализирање на препорачаните чекори што треба да се преземат за да се спречи насилството. Обезбедува посоодветни одговори на влошените ситуации и ескалацијата на насилството. Обезбедува подобро усогласување на плановите за безбедност со нивото и природата на ризикот. Применува координирани одговори од различни организации и институции во сложени случаи. Се ангажира во подобрување на планирањето на безбедноста и зголемената заштита на жените и нивните деца.

Дополнително, мора да се напомене дека е важно да има унифициран пристап во неколку аспекти: пријавување случаи, постапување по случаи, давање услуги. Со овој документ за јавни политики се предлагаат и унифицирани обрасци за употреба.

3.3 Препораки за планирање на буџетските импликации

Преглед на тековната состојба

Во 2018 година, според податоците добиени од Судскиот совет, бројот на предметите од прв степен, вклучувајќи ги предметите и на Управниот суд, изнесувал 564.364. Од нив, речиси половина, односно 47 проценти, се предмети што му припаѓаат на скопското апелациско подрачје (вкупно 265.481 предмет). Структурата на предметите по апелациски подрачја е дадена на Слика 1.

Слика 1. Структура на предмети од прв степен, по апелациско подрачје (2018 година)



Извор: База на податоци на Судски совет.

Во вкупниот број предмети од прв степен, предметите во работа од областа на кривичната област учествуваат со 32 проценти, односно вкупно 181.659 предмети. Структурата на предметите од кривична област во вкупниот број предмети со основните судови во секое од четирите апелациски подрачја во 2018 година е претставено на сликата во продолжение (види Слика 2).

Слика 2. Учество на предметите од кривичната област во вкупниот број предмети од прв степен, по апелациско подрачје (2018 година)



Извор: База на податоци на Судски совет.

А. Пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица за кривични дела

Државниот завод за статистика со годишна фреквенција објавува податоци за бројот на пријавени, обвинети и осудени полнолетни и малолетни сторители на кривични дела, искажани по одделни групи на кривични дела врз основа на Класификацијата на кривичните дела дадена во Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Притоа, под поимот полнолетен сторител на кривично дело се подразбира сторител на кривично дело кој во време на извршувањето на кривичното дело имал навршено 18 години живот, а кривичното дело го сторил како: извршител, соизвршител, поттикнувач или помагач[5]. Пријавено лице е полнолетен сторител на кривично дело против кого постапката по кривичната пријава и претходната постапка е завршена со одлука со која: пријавата е отфрлена, истрагата е прекината, истрагата е запрена или е поднесено обвинение-обвинителен предлог, додека осудено лице е полнолетен сторител на кривично дело, прогласено за виновно, против кое се изречени кривични санкции: затвор, парична казна, воспитни мерки, судска опомена или лицето е прогласено виновно, но ослободено од казна [6].

Податоците покажуваат дека бројот на пријавените лица континуирано се зголемува од 2008 до 2014 година, а потоа се карактеризира со намалување на бројот на пријавените. Бројот на пријавените лица како сторители на кривични дела во 2018 година изнесува 19.779 лица, што е историски најниска вредност на оваа варијабла. Бројот на пријавените покажува линеарен тренд на намалување низ времето.
Слични трендови се регистрирани и кај бројот на обвинетите и осудените полнолетни лица. Во анализираниот период, во просек, се забележува пад на бројот на обвинетите и бројот на осудените лица. Така, во 2018 година, бројот на обвинетите полнолетни лица изнесува 6.829 (34,5% од пријавените), додека бројот на осудените изнесува 5.857 (29,6% од пријавените).

Движењето на бројот на пријавените, обвинетите и осудените полнолетени лица за кривични дела во периодот од 2008 до 2018 година е даден на Сликата 3.

Слика 3. Број на пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица за кривични дела (2008-2018)

Извор: МАКСТАТ база, Државен завод за статистика (2020).

5 Државен завод за статистика (2020). Методолошко објаснување за соопштението: Пријавени, обвинети и осудени полнолетни и малолетни сторители на кривични дела. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx ?id=14&rbrObl=6 [Пристапено на 21 јануари 2020]

6 Ibid.

Според Класификацијата во Кривичниот законик, класификацијата на кривичните дела се состои од следните 13 групи на дела: (1) Кривични дела против животот и телото; (2) Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот; (3) Кривични дела против честа и угледот; (4) Кривични дела против половата слобода и половиот морал; (5) Кривични дела против здравјето на луѓето; (6) Кривични дела против бракот, семејството и младината; (7) Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството; (8) Кривични дела против имотот; (9) Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот; (10) Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај; (11) Кривични дела против правниот сообраќај; (12) Кривични дела против јавниот ред и (13) Останати кривични дела. За целите на ова истражување, се фокусиравме на две групи кривични дела: кривични дела против животот и телото и кривични дела против половата слобода и половиот морал.

Бројот на пријавените полнолетни лица за кривични дека против животот и телото во анализираниот период се движи од 796 лица во 2017 година (минимум) до 1.122 лица во 2012 година, кога е забележан максималниот број пријави. Најголем број обвинети лица за кривични дела против животот и телото имало во 2013 година (вкупно 1.505 обвинети), а најнизок во 2018 година, кога биле обвинети вкупно 1.027 лица. Бројот на осудените лица својот максимум го доживува во 2011 година, кога се осудени вкупно 945 лица, додека најмал број осудени е регистриран во 2018 година со вкупно 659 лица. Сите три анализирани варијабли покажуваат негативен линеарен тренд во периодот од 2008 до 2018 година.

Слика 4. Пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица за кривични дела против животот и телото (2008-2018 година)

Извор: МАКСТАТ база, Државен завод за статистика (2020).

Втората група на кривични дела што беше анализирана ги опфаќа кривичните дела против половата слобода и половиот морал. Повторно, беа следени податоците во врска со бројот на пријавените, обвинетите и осудените полнолетни лица за оваа група на дела во периодот од 2008 до 2018 година. Од податоците може да се забележи дека, како и кај кривичните дела против животот и телото, така и кај кривичните дела против половата слобода и половиот морал, постои опаѓачки линеарен тренд на бројот на пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица. Притоа, највисок број на пријавени за оваа група на дела се регистрирани во 2009 година (вкупно 109), а најнизок во 2007 (вкупно 64). Максимален број на обвинети

полнолетни лица има во 2008 година (вкупно 99 лица), а најнизок во 2016, односно 2017 година (вкупно 45 лица). Конечно, највисок број на осудени лица за дела против половата слобода и половиот морал има во 2008 година (вкупно 92 лица), а најнизок во 2016 година (вкупно 39 лица).

Слика 5. Пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица за кривични дела против половата слобода и половиот морал (2008-2018 година)

Извор: МАКСТАТ база, Државен завод за статистика (2020).

Б. Малолетни лица пријавени, обвинети и осудени за кривични дела

Освен полнолетните лица, во анализата се опфатени и малолетници кои се јавуваат во својство на пријавени, обвинети и осудени сторители на кривични дела. Под поимот малолетен сторител на кривично дело се подразбира сторител на кривично дело кој во време на извршувањето на кривичното дело имал навршено 14 години на живот, а не навршил 18 години, а кривичното дело го извршил како: извршител, соизвршител, поттикнувач или помагач. [7]

На следната слика е прикажано движењето низ времето на пријавените, обвинетите и осудените деца во периодот од 2008 до 2018 година. Од сликата може да се увиди негативен тренд при развојот на овие варијабли, што значи дека низ времето се намалува бројот на пријавените, обвинетите и осудените малолетни деца. Минимумот е достигнат во 2018 година, кога биле пријавени вкупно 554 малолетници, биле обвинети 403 малолетници и биле осудени вкупно 300 малолетници.

7 Ibid.

Слика 6. Број на пријавени, обвинети и осудени малолетни лица за кривични дела (2008-2018)

Извор: МАКСТАТ база, Државен завод за статистика (2020).

Од аспект на структурата на кривичните дела, повторно беа анализирани следните две групи на дела: кривични дела против животот и слободата и кривични дела против половата слобода и половиот морал. Кај двете групи кривични дела може да се забележи опаѓачки тренд на бројот на пријавените, обвинетите и осудените лица во анализираниот период.

Бројот на пријавените малолетни лица за кривични дела против животот и слободата својот врв го достигнува во 2010 година (вкупно 107 лица), додека најмалку пријавени имало во 2016 година (вкупно 88 лица). Бројот на обвинетите малолетници е најголем во 2011 година (вкупно 100 лица), а најмал во 2017 година (вкупно 39 лица). Најмногу осудени малолетни лица за кривични дела против животот и телото има во 2011 година (вкупно 79 лица), а најмалку во 2017 година (вкупно 29 лица).

Кај кривичните дела против половата слобода и половиот морал, очекувано, се јавуваат значително помал број пријавени, обвинети и осудени малолетни лица споредено со кривичните дела против животот и телото. Најнизок број обвинети и осудени лица сторители на кривични дела против половата слобода и половиот морал се евидентирани во 2018 година (вкупно 2 лица, во секоја категорија, соодветно), додека 2017 година е единствена година во која нема ниту едно пријавено малолетно лице за кривични дела од оваа група.

Слика 7. Пријавени, обвинети и осудени малолетни лица за кривични дела против животот и телото (2008-2018 година)

Извор: МАКСТАТ база, Државен завод за статистика (2020).

Слика 8. Пријавени, обвинети и осудени малолетни лица за кривични дела против половата слобода и половиот морал (2008-2018 година)

Извор: МАКСТАТ база, Државен завод за статистика (2020).

Податоци за семејното насилство во државата

Во 2017 година, вкупниот број на жртвите на семејно насилство изнесува 1.149, од кои 238 мажи (20,7 проценти) и 911жени (79,3 проценти). Во 2018 година, пак, бројот на жртвите на семејно насилство се зголемува и изнесува вкупно 1.221, од кои 258 мажи (21,1 проценти) и 963 жени (78,9 проценти). Сторители на семејно насилство се вкупно 686 лица во 2017 година, односно 704 лица во 2018 година. Може да се забележи дека почесто како сторители на семејно насилство се јавуваат лица од машкиот пол, односно 553 лица (80,6 проценти) во 2017 година и 570 лица (80,9 проценти) во 2018 година [8].

Најчесто изрекувана мерка за заштита на жртвите на семејно насилство преземана од страна на центрите за социјална работа е соодветна психо-социјална интервенција и третман (1.081 мерки во 2017 година и 919 мерки во 2018 година), по која следуваат правна помош и застапување (591 мерка во 2017 година и 793 мерки во 2018 година), економско јакнење на жртвата преку активно вклучување на пазарот на труд (122 мерки во 2017 година и 135 мерки во 2018 година), сместување во ЦЖСН (20 мерки во 2017 година и 56 мерки во 2018 година) и обезбедување здравствена заштита (по 7 мерки во 2017 и 2018 година).[9]

Основните судови во земјата имаат изречено околу 75% од вкупниот број на поднесените предлози за привремени мерки за заштита за жртвите на семејно насилство од страна на центрите за социјална работа. Во 2017 година, најчесто изрекувани мерки се „Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство" (158 случаи) и „Забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или друг начин да комуницира со член на семејство, директно или индиректно" (158 случаи), „Забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството" (79 случаи), „Задолжително лекување на сторителот, доколку злоупотребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување" (43 случаи)

8 Извор: Министерство за труд и социјална политика.

9 Ibid.

и „Изрекување на која било друга мерка што судот ќе ја смета за неопходна за да им се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството“ (30 случаи).[10]

Од аспект на местото на живеење на жртвите на семејно насилство, може да се забележи дека семејното насилство почесто се случува во урбани средини. Најголем број од жртвите доаѓаат од Скопје (636 жртви во 2017 година), следуваат Охрид (206 жртви во 2017 година) и Битола (44 жртви во 2017 година.[11]

Бројот на идентификуваните жртви на семејно насилство во другите центри за социјални работи во 2017 година не надминува 30 лица по центар.

Слика 9. Жртви на семејно насилство според местото на живеење (2017 и 2018 година)



Извор: Министерство за труд и социјална политика

Од аспект на образовната структура, може да се забележи дека најчесто жртвите, но и сторителите на семејно насилство се лица со завршено средно образование.

Слика 10. Образовна структура на жртвите и сторителите на семејно насилство (2017 и 2018 година)



Извор: Министерство за труд и социјална политика.

10 Ibid.

11 Ibid.

Анализата на возрасната структура на жртвите и сторителите на семејното насилство покажува дека малолетните лица почесто се јавуваат во својство на жртва, отколку во својство на сторител на семејно насилство.

Слика 11. Возрасна структура на жртвите и сторителите на семејно насилство (2017 и 2018 година)



Извор: Министерство за труд и социјална политика

Од резултатите за анализираните пријави за семејно насилство[12], може да се забележи дека најчест тип семејно насилство е психичкото насилство, по кое следува физичкото насилство. Учеството на пријавите што се однесуваат на сексуално, односно економско насилство е речиси незначителен во однос на вкупниот број пријави.

Слика 12. Структура на пријавите за семејно насилство, според типот на насилство (2017 година)



Извор: Податоци објавени од Министерство за труд и социјална политика на порталот за отворени податоци на Владата на Република Северна Македонија.

12 На порталот за отворени податоци на Владата на Република Северна Македонија достапни се податоци објавени од страна на Министерството за труд и социјална политика, а кои се однесуваат за пријавените случаи на семејно насилство. Линк до базата со податоци: http://www.otvorenipodatoci.gov.mk/dataset/n3bewtaj-3a-cemejho-hacnjictbo

Препораки

Во претходните делови на овој документ беа идентификувани три клучни закони кои треба да претрпат одредени измени, односно дополнувања со цел соодветно да се имплементира Директивата 2012/29/EU на Европскиот парламент и на Советот од 25.10.2012, за минимални стандарди за права, поддршка и заштита на жртви на кривични дела – Законот за кривична постапка, Законот за правда на децата и Законот за медијација.

Во овој дел од документот ги презентираме соодветните расходи за кои се очекува дека ќе се случат како резултат на модификацијата на претходно наведените законски текстови. Притоа, во анализата претпоставуваме дека самиот процес на измена или дополнување на законите во парламентарниот дом не создава дополнителен трошок. Во овој дел од анализата се исклучени и трошоците што би произлегле од подобрувањето на институционалниот амбиент, односно проширувањето на институционалните капацитети за поддршка на жртвите (на пример, отворање телефонски линии, кризни центри, нови советувалишта и сл.). Исто така, трошоците поврзани со организација на промотивни активности и информирање на пошироката јавност за евентуалните измени и дополнувања на таргетираните закони, а во насока на обезбедување институционална поддршка на жртвите на кривични дела не се вклучени во овој дел од анализата.

Во овој дел, користејќи табеларна презентација, се потенцирани трошоците што директно ќе произлезат од измената на Законот за кривична постапка, Законот за правда на децата и Законот за медијација, даден е краток опис на трошоците поврзани во секоја поединечна интервенција во законските текстови и краток опис на методологијата што би се користела за пресметка на одделните видови трошоци. Анализата е насочена кон утврдување на дополнителните (маргиналните) трошоци што произлегуваат од интервенциите, односно зголемувањето на веќе постојните буџетски расходи поврзани со обезбедувањето минимални стандарди за права, поддршка и заштита на жртвите на кривични дела.

А) Закон за кривична постапка

Интервенција	Трошок	Методологија
	Член 53	
Жртвата има право да биде сослушана без одлагање и со сведување на телесните прегледи на минимум.	Ова дополнување на член 53(1), не би создавало дополнителен трошок, односно не е потребно ангажирање дополнителни ресурси за остварување на оваа активност.	Нема.
Жртвата има право да добие информации по службена должност за текот на постапката без оглед на тоа дали се приклучила кон кривичниот прогон и/или поднела барање за остварување на имотно-правно барање за штета.	Се создаваат дополнителни информациски, односно комуникациски трошоци. Информирањето вообичаено се случува во усна форма, но ако се јави потреба од информирање по писмен пат, може да настанат дополнителни трошоци за поштенски, односно курирски услуги.	Усното информирање по службена должност во текот на постапката не создава дополнителен трошок. Вкупниот трошок за поштенски, односно курирски услуги би се пресметал како производ од очекуваниот број пратки и просечната цена на чинење на услугата. За утврдување на цената на чинење на услугата како референтни износи може да се користат цените утврдени во ценовниците за поштенски сообраќај на Пошта на Северна Македонија.

Жртвата има право да биде информирана од страна на надлежниот орган за ослободување на лице што е осомничено, обвинето или осудено за кривичното дело што ја засега жртвата, доколку осуденото лице побегнало од установата во која било лишено од слобода.	Се создаваат дополнителни информациски, односно комуникациски трошоци. Информирањето вообичаено се случува во усна форма, кое не бара ангажирање дополнителни ресурси, но ако се јави потреба од информирање по писмен пат, може да настанат дополнителни трошоци за поштенски, односно курирски услуги.	Усното информирање по службена должност во текот на постапката не создава дополнителен трошок. Вкупниот трошок за поштенски, односно курирски услуги би се пресметал како производ од очекуваниот број на пратките и просечната цена на чинење на услугата. За утврдување на цената на чинење на услугата како референти износи може да се користат цените утврдени во ценовниците за поштенски сообраќај на Пошта на Северна Македонија.
Жртвата има право да добие информација што е прилагодена на нејзината способност за разбирање и евентуалните посебни потреби за комуникација на жртвата, имајќи ги предвид возраста, психичката состојба, постоење евентуална интелектуална попреченост или физички недостаток и непознавањето на јазикот на постапката.	Оваа интервенција може да биде непречено остварена со користење на постојните ресурси на надлежните органи, пред с , човечките ресурси кои ги имаат на располагање. Доколку некој од органите не поседува доволен капацитет, односно доволен број вработени да одговори квалитетно на ова право на жртвата, треба да ангажира/ вработи кадар од соодветен профил (психолог, преведувач).	Првично, потребно е да се направи проценка на човечкиот потенцијал на надлежните органи за остварување на ова право на жртвата и да се идентификува. Доколку во оваа фаза биде утврдено дека одредени профили се дефицитарни во органите (на пример, психолози, преведувачи и сл.), треба да се алоцираат дополнителни финансиски ресурси за нивно идно ангажирање. Трошокот би се пресметал како производ од евентуалните нови вработувања на соодветни позиции, согласно актите за систематизација на работните места на органите и годишната бруто-плата за соодветните работни позиции.
Жртвата има право на делотворна психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на жртви на кривични дела, во сите фази на постапката, вклучително и доколку жртвата одлучи да не се приклучи кон кривичниот прогон. Помошта што се обезбедува мора да биде соодветна на психофизичката состојба на жртвата, да биде креирана согласно сензитивен пристап кон жртвата во однос на специфичните потреби што би можеле да произлезат од видот на кривичното дело на кој била изложена, возраста, родот, средината од која доаѓа.	Оваа интервенција може потенцијално да создаде различни видови трошоци: 1. Создавање и одржување бесплатни телефонски линии за жртвите; 2. Воспоставување и одржување советувалишта за поддршка на жртви на семејно насилство, сторители на семејно насилство и деца; 3. Воспоставување и одржување центри за жртви на семејно насилство и кризни центри за жртви на семејно насилство, кризни центри за жртви на сексуално насилство.	Потребна е дополнителна анализа за утврдување на постојните капацитети и проценка на дополнителните ресурси потребни за исполнување на минималните стандарди за права, поддршка и заштита на жртви на кривични дела.

Жртвата има право да добие информации и советување во врска со постапката на мајчин јазик, односно на јазикот што го разбира. Жртвата има право сите списи кои се однесуваат на неа во постапката да ги добие преведени на мајчин или на друг јазик за кој се изјаснила дека го разбира. Доколку на жртвата ова право ѝ е ограничено на кој било начин и во кој било дел од постапката, жртвата има право на посебна жалба.	Оваа интервенција може да создаде два вида дополнителен трошок: трошоци за превод и трошоци за информирање. За утврдување на трошоците за превод, најпрво неопходно е да се изврши увид/ процена на постојните капацитети на надлежните органи со преведувачки кадар. Доколку биде утврдено дека преведувачкиот кадар е дефицитарен, треба да се планираат и буџетираат нови вработувања на преведувачки позиции. Трошоците за информирање ги вклучуваат поштенските трошоци за доставување на сите материјали што се однесуваат на жртвата преведени на мајчин или на друг јазик што го разбира. Овде се очекува и одредено зголемување на материјалните трошоци на органите (хартија, печатење, тонер и сл.)	Вкупните трошоци за човечки ресурси ќе се пресметаат како производ од вкупниот број на новите вработени (преведувачи) и годишната бруто-плата за овие работни места. Поштенските трошоци ќе се пресметаат како производ на бројот на пратките (што директно зависи од очекуваниот број на жртвите) и цената на чинење на поштенската услуга. При проценката на буџетот корисно би било да се користат ценовниците за поштенскиот сообраќај на Пошта на Северна Македонија. Дополнителните материјални трошоци може да се пресметаат како дополнување на вкупните материјални трошоци на органот. Дополнувањето треба да ги отслика зголемените потреби на органот за хартија, тонери, печатење, умножување на материјалот и сл.
Жртвата има право да прими писмена потврда за поднесена кривична пријава, во која ќе биде наведен датумот на поднесување на пријавата, лицето против кое се поднесува и основата од Кривичниот законик, деловоден број, потпис на овластено лице и печат од установата, веднаш по поднесувањето на кривичната пријава или најмногу до 7 дена по приемот на пријавата поднесена преку телефон или пошта.	Создава дополнителен трошок за информирање во форма на поштенски, односно курирски услуги.	Вкупниот трошок за поштенски, односно курирски услуги би се пресметал како производ од очекуваниот број на пратките и просечната цена на чинење на услугата. Очекуваниот број на пратките е еднаков на вкупниот број на жртвите што имаат право да бидат информирани за поднесувањето кривична пријава. За утврдување на цената на чинење на услугата како референти износи може да се користат цените утврдени во ценовниците за поштенски сообраќај на Пошта на Северна Македонија.
Жртвата има право навремено и соодветно да биде информирана за да може да ги оствари своите права на учество во постапката, со гаранција на процесните права и мерки за заштита.	Исто како погоре во делот на правото на жртвата да добие информации и советување на мајчин јазик, односно јазикот што го разбира.	Ибид.

Жртвата има право да биде информирана за условите под кои е можно обезбедување бесплатна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош, на начин разбирлив и прифатлив за жртвата.	Трошоци за подготовка на информативен материјал со содржина што се однесува на обезбедувањето бесплатна правна помош. Трошокот би опфаќал трошоци за осмислување (дизајнирање) на материјалот, печатење и дистрибуирање.	Во постојната буџетска инфраструктура веќе се издвоени средства за информирање на граѓаните за можностите што ги нуди Законот за бесплатна правна помош.
Жртвата има право да биде заштитена од контакт со сторителот во текот на кривичната постапка, преку сместување во посебни простории и доаѓање во различни временски периоди, со помош на назначен службеник за поддршка на жртви.	Не создава дополнителен трошок.	Нема.
Жртвата има право на индивидидуална процена на посебните потреби за заштита, врз основа на Правилник за формата, начинот и постапувањето на надлежниот орган за индивидуална процена.	Не создава дополнителен трошок.	Нема.

Член 146		
Членот 146 од Законот за заштита на децата да се однесува на сите деца жртви, а не само на деца жртви на одредени кривични дела, со што би се задолжил судот да определи посебна мерка на процесна заштита за сите деца што се јавиле како жртви во кривични дела.	Со оваа измена на Законот за правда за деца ќе се зголеми вкупниот број на децата жртви што би биле корисници на посебните мерки за процесна заштита определени од судот. Овие мерки вклучуваат: користење екрани за заштита на жртвата и сведокот од погледот на обвинетиот; прикривање на идентитетот или на изгледот; давање исказ преку видеоконференција; отстранување на тогите и капите; исклучување на јавноста; видео и аудиозапис на исказот што ќе се користи како доказ; видео и аудиозапис од распитот што ќе се користи како доказ; земање исказ преку посредство на стручно лице; употреба на посебни технички средства за комуникација и заштита на приватноста на детето и на неговото семејство. Вкупниот износ на средствата обезбедени за обесштетување на децата жртви се утврдува во Програмата за обесштетување на дете што е жртва или е оштетено со дејство што со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, донесена од страна на Министерството за правда.	Потребно е да се алоцира дополнителен износ на средства во Програмата за обесштетување на дете што е жртва или е оштетено со дејство што со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство. Зголемувањето на вкупните средства за обесштетување предвидени во оваа Програма треба да биде пропорционално на порастот на бројот на децата што би го користеле правото за посебни мерки за процесна заштита.

Во насока на обезбедување соодветна заштита за децата, предлагаме дополнување на одредбите од став 4 и 5 на членот 146, со цел да се уреди дека однесувањето и комуникацијата на судот, јавното обвинителство и полицијата кон детето жртва ќе биде на јазик разбирлив за детето, на начин што за детето е јасен и разбирлив и го отсликува индивидуално утврдениот најдобар интерес на детето. Судот, јавното обвинителство и полицијата се должни на јасен, едноставен и за него разбирлив начин да ги објаснат последиците од преземањето односно непреземањето дејства за остварување на неговите права, како и за значењето на службената белешка односно, записник, и да му дадат примерок.	Оваа интервенција во законот не би создавала дополнителни обврски за сервисирање од страна на државата.	Нема.
Член 146 ст. 5 од Законот за заштита на децата предвидува децата сведоци да го имаат истиот третман како децата жртви – елемент што предлагаме да се задржи и во новиот текст на законската одредба.	Во важечкиот текст на Законот за правда за деца е предвидено посебните права на процесна заштита да се однесуваат и на децата сведоци. Поради тоа, не се очекува овој предлог да создава дополнителен јавен расход, со оглед на тоа што веќе е вкалкулиран во тековните расходи што државата ги има за обезбедување посебни права на процесна заштита.	Нема.
	Член 54	
Одредбата од став 1, точка 3 на чл. 54 да се дополни со набројување различни ранливи категории на лица: деца жртви, жртви на семејно насилство, жртви на родово засновано насилство, жртви на сексуално насилство, жртви на трговија со луѓе, жртви на насилство од омраза, жртви на тортура и други насилни кривични дела сторени од службени лица, жртви на прогонување или тортура во друга земја, жртви на тероризам или насилен екстремизам и	Согласно член 54, ранливите категории на жртви имаат право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката. Со дополнувањето на став 1(3) од овој член би се зголемил бројот на жртвите што имаат право на посебни мерки на процесна заштита. Дел од расходите наменети за обезбедување на посебните мерки за процесна заштита имаат фиксна компонента, односно не зависат од бројот на жртвите	Фиксна компонента на дополнителниот трошок: По обезбедувањето податоци за институционалните капацитети на органите вклучени во сите фази на постапката, да се направи дополнителна анализа за потребтаа за инвестициски зафати за остварување на правото на посебни мерки за процесна заштита: изведба на посебни влезови, опремување дополнителни простории, изградба на нови објекти и сл. Варијабилна компонента на дополнителниот трошок:

жртви на дискриминација – заштита на маргинализирани групи, особено ЛГБТИ-лица, заштита од дискриминација по основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

што го остваруваат ова право (на пример, обезбедувањето посебни простории за чекање и простории во кои се врши распитот). Ваквиот тип трошоци не би влијаеле на дополнетата дефиниција на поимот ранливи жртви.

Меѓутоа, дел од расходите за обезбедување посебни мерки на процесна заштита директно зависат од вкупниот број на жртвите што го остваруваат ова право (на пример, право на превоз, право на сметување во прифатилиште и сл.). Во оваа ситуација, бројот на ранливите жртви директно влијае врз вкупниот трошок за остварување на правото на посебни мерки на процесна заштита.

Дополнителниот варијабилен трошок може да се пресмета како производ меѓу дополнителниот број на жртвите што имаат третман на ранлива категорија и просечниот трошок по жртва за обезбедување посебни мерки за процесна заштита на жртвите.

Член 55

На жртвата ќе ѝ се гарантира правото да користи услуги за психосоцијална поддршка, по потреба и процена од овластени лица и услуги за сместување во соодветни центри за заштита и сместување.

Услугите за психо-социјална поддршка вклчуваат: доверливо психо-социјално советување или друг вид психолошка помош во зависност од потребите и штетата што жртвата ја претрпела. Советувањето ќе вклучува насочување во справување со емоционалното, когнитивното, душевното и физичкото добро на жртвата.
Услуги за сместување во соодветни центри за заштита и сместување, вклучуваат реален и прилагоден простор за сместување на жртвата, со обезбедување заштита и излегување во пресрет на нејзините потреби.

Потребно е да се направи проценка на потребата од нови вработени во установи за јавна заштита.
Трошокот би се пресметал како производ од бројот на вработените * бруто-плата.

Потребна е дополнителна анализа за утврдување на постојните капацитети и проценка на дополнителните ресурси потребни за исполнување на минималните стандарди за сместување, заштита и излегување во пресрет на потребите на жртвите со надминување на недостатоците за просторни и територијални капацитети во државата.

Издатоците за сведоците, вештаците, преведувачите, толкувачите, стручните и службените лица се утврдени во Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во кривичната постапка („Службен весник“ 131/2012).

Член 56		
Доколку жртвата не е известена за правото да учествува во постапката како оштетена, дознала за постапката по завршувањето на главната расправа, а постојат докази што можат да влијаат на исходот на постапката, има право да бара повторување на постапката. Доколку жртвата нема докази што можат да влијаат на исходот на постапката, има право на надомест на штета пред граѓански суд.	Поведување постапка за надомест на штета пред граѓански суд повлекува издатоци за судски такси и правна помош.	Во постапките кои се иницирани од страна на јавното обвинителсто не се предвидуваат трошоци. Граѓанските постапки за надомест на штета се покриени со Законот за бесплатна правна помош. Истотака, жртвата може да има право на надомест согласно Законот за исплата на парочен надомест на жртви на кривични дела со насилство.

Б) Закон за правда за децата

Интервенција	Трошок	Методологија
Член 146		
Членот 146 од Законот за заштита на децата да се однесува на сите деца жртви, а не само на деца жртви на одредени кривични дела, со што судот би се задолжил да определи посебна мерка на процесна заштита за сите деца што се јавиле како жртви во кривични дела.	Со оваа измена на Законот за правда за деца ќе се зголеми вкупниот број на децата жртви шт би биле корисници на посебните мерки за процесна заштита определени од судот. Овие мерки вклучуваат: користење екрани за заштита на жртвата и сведокот од погледот на обвинетиот; прикривање на идентитетот или на изгледот; давање исказ преку видеоконференција; отстранување на тогите и капите; исклучување на јавноста; видео и аудиозапис на исказот што ќе се користи како доказ; видео и аудиозапис од распитот што ќе се користи како доказ; земање исказ преку посредство на стручно лице; употреба на посебни технички средства за комуникација и заштита на приватноста на детето и на неговото семејство. Вкупниот износ на обезбедени средства за обесштетување на децата жртви се утврдува во Програмата за обесштетување на дете што е жртва или е оштетено со дејство што со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, донесена од страна на Министерството за правда.	Потребно е да се алоцира дополнителен износ на средства во Програмата за обесштетување на дете што е жртва или е оштетено со дејство што со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство. Зголемувањето на вкупните средства за обесштетување предвидени во оваа Програма треба да биде пропорционално на порастот на бројот на децата што би го користеле правото за посебни мерки за процесна заштита.

Во насока на обезбедување соодветна заштита за децата, предлагаме дополнување на одредбите од став 4 и 5 на членот 146, со цел да се уреди дека однесувањето и комуникацијата на судот, јавното обвинителство и полицијата кон детето жртва ќе биде на јазик разбирлив за детето, на начин што за детето е јасен и разбирлив,и го отсликува индивидуално утврдениот најдобар интерес на детето. Судот, јавното обвинителство и полицијата се должни на јасен, едноставен и за него разбирлив начин да ги објаснат последиците од преземањето односно непреземањето дејства за остварување на неговите права, како и за значењето на службената белешка односно, записник, и да му дадат примерок.	Оваа интервенција во законот не би создавала дополнителни обврски за сервисирање од страна на државата.	Нема.
Член 146 ст. 5 од Законот за заштита на децата предвидува децата сведоци да го имаат истиот третман како децата жртви – елемент за кој предлагаме да се задржи и во новиот текст на законската одредба.	Во важечкиот текст на Законот за правда за деца е предвидено посебните права на процесна заштита да се однесуваат и на децата сведоци. Поради тоа, не се очекува овој предлог да создава дополнителен јавен расход, со оглед на тоа што веќе е вкалкулиран во тековните расходи што државата ги има за обезбедување посебни права на процесна заштита.	Нема.
Член 148		
За преземање дејства во постапката, вработените во судовите, јавните обвинители и службените лица во Министерството за внатрешни работи ќе можат да постапуваат само доколку поседуваат соодветно образование, редовно посетуваат и успешно ги посетуваат повремените обуки и имаат посебно познавање и искуство од областа на правата за детето и за кривично-правната заштита на децата.	Организацијата на обуки создава дополнителен трошок, кој вклучува обезбедување простор за обука, изнајмување/набавка на опрема, материјали за учесниците, надомест за предавачите, материјални трошоци, комуникациски трошоци и др.	Вкупниот дополнителен трошок ќе се пресмета како (број на планираните обуки во текот на една фискална година) * (трошок за организација на една обука). Трошоците за организација на обука, пак, ќе ги вклучуваат сите расходи поврзани со организација на обуката, вклучувајќи просторија, опрема, превоз, материјални трошоци, комуникациски трошоци и др. Оваа категорија во основа ќе зависи од бројот на учесниците на обуката. Прецизирањето на програмите за обуки, како и признаените трошоци во врска со организација на обуките ќе треба да се доуреди попрецизно со подзаконски акти.

B) Закон за медијација

Предложеното дополнување на Законот за медијација вклучува додавање нов член со кој би се уредувале принципите доколку медијацијата се користи во кривични постапки. Притоа не се очекува дека оваа интервенција во законот ќе создаде дополнителни буџетски импликации, односно не се очекува создавање дополнителни расходи надвор од веќе постојните.

i Directive 2012/29/EU of the European Parliament and of the Council of 25 October 2012 establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime, and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA, Official Journal of the European Union L 315/73, 14/11/2012 (во сила од тој датум).

ii Директива на Советот 2004/80/ЕС од 29 април 2004 година за компензација на жртви на кривични дела; Директива 2011/92 на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011 година за борба против сексуална злоупотреба и сексуална експлоатација на деца и детска порнографија, со која се заменува Рамковната одлука на Советот 2004/68/JHA; Директива 2011/36/EU на Европскиот парламент и на Советот од 5 април 2011 година за спречување и борба против трговија со луѓе и заштита на нејзините жртви, со која се заменува Рамковната одлука на Советот 2002/629/JHA и се дополнува Одлуката на Советот 2015/671/JHA; Директива на Советот 2004/81/ЕС од 29 април 2004 година за државјани на трети земји што се жртви на трговија со луѓе или кои биле подложени на дејство за олеснување илегална имиграција, кои соработуваат со надлежните органи; Директива (EU) 2017/541 на Европскиот парламент и на Советот од 15 март 2017 година за борба против тероризам, со која се заменува Рамковната одлука на Советот 2012/475/JHA; Директива 2011/99/EU на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011 година за Европскиот заштитен поредок и Регулатива (EU) на Европскиот парламент и на Советот од 12 јуни 2003 година за заемно признавање на заштитни мерки во граѓански работи.

МЗМП

ЕУ за ТЕБЕ

СОС ДЕТСКО СЕЛО

МЗМП

ул. Донбас бр. 14/1-6, 1000 Скопје
телефон: 02/3220-870,
email: contact@myla.org.mk,

web: www.myla.org.mk